Д-р ТРИФУН
ПАНОВСКИ
Битола

**ИЗВЕШТАЈ**

**ЗА РАБОТАТА НА ООУ„Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ БИТОЛА**

**НА КРАЈОТ**
**НА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА**




**Битола, август, 2024год.**

**Врз основа на член 113 од Законот за основно образование и Службен весник на РС Македонија бр.161/2019, Училишниот одбор на состанокот одржан на ден: 5.08.2024 год, го усвои :**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ООУ„Д-р ТРИФУН ПАНОВСКИ“ БИТОЛА НА КРАЈОТ НА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

## ВОВЕД

Завршниот извештај за работата на ООУ Д- р Трифун Пановски – Битола , е основен документ преку кој е презентирана целокупната организација и реализација на воспитно образовната работа во училиштето во текот на учебната 2023/24 година. Појдовни основи за изработка на извештајот се : Законот за основно образование, Националната програма за развој на образованието, Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование , Годишната програма за работа на училиштето и Статутот на училиштето. Извештајот е составен од два дела : текстуален и статистички дел. Во текстуалниот дел е презентирана реализацијата на наставните планови и програми за задолжителната, дополнителната и додатната настава како и вонаставните активности. Во статистичкиот дел направена е анализа на успехот и постигањата на учениците на крајот од учебната 2023/2024 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Основното училиште Д- р Трифун Пановски – Битола, се наоѓа во централното градско подрачје, помеѓу улиците: Охридска, Вангел Мајорот и Булевар 1-ви Мај. Во состав на училиштето работат три подрачни училишта во с.Дихово, с.Трново, с.Братин Дол .
Училиштето е од средно развиен тип. Во него постојат услови за одвивање на целокупната воспитно образовна работа предвидена со Годишната програма за работа на училиштето, како и основните законски акти.

Во текот на учебната 2023/24 година , во Основното училиште и Подрачните училишта се опфатени вкупно 307 ученици. Во централното училиште опфатени се 283 ученици, распоредени во 18 паралелки, од прво до деветто одделение . Во подрачните училишта се опфатени 24 ученици од прво до петто одделение распоредени во четири комбинирани паралелки.

Во текот на учебната 2023/24 година, наставата се одвиваше во две смени во основното училиште, и една смена во подрачните училишта.

Во основното училиште, учениците од одделенска настава , наставата ја следеа во две смени , додека пак учениците од предметна настава, наставата ја следеа само во претпладневна смена поради организираниот превоз за учениците од подрачните училишта.

Учебната година започна на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година.

Наставната година започна на 1 септември 2023 година и заврши на 17 јуни 2024 година.

Во текот на наставната година во училиштето се оствари 180 наставни дена.

## 1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ООУ Д-р Трифун Пановски-Битола за учебната 2023/24 година, е испланирана , организирана и реализирана во согласност со наставните планови и програми за деветгодишно основно воспитание и образование, предложени од Бирото за развој на образованието и донесени од Министерот за образование и наука.

Годишната програма за работа на училиштето, Училишниот одбор ја предложи до основачот на 11.08.2023 година, и истата беше усвоена од Советот на Општина Битола .

Со Годишната програма за работа на училиштето е испланирана , организирана и реализирана целокупната работа на училиштето за тековната учебна година: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава, часовите на одделенската заедница, воннаставните активности, соработката на училиштето со другите институции и локалната самоуправа, заштита на здравјето на учениците, форми и содржина на соработка со родителите, стручно и професионално усовршување на наставниот кадар, активностите што ги превзема училиштето за реализација на општествено – корисната работа, превозот на учениците и разните видови на соработка со институции, заводи и организации.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во почетокот на учебната година родителите, од раководителите на паралелките, предметните наставници, стручните соработници и директорот на училиштето, на родителски средби беа запознати со целите на наставните планови и програми и Годишната програма за работа на училиштето.

Со проектот за бесплатни учебници сите ученици беа снабдени со учебници до крајот на учебната година, согласно темпото со кое МОН ги доставуваше учебниците до училиштето.

## 1.3 ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Со Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 година, испланираните воннаставни активности : слободни ученички активности, општествено корисна работа, училишни натпревари и екскурзии се реализирани. Остварен е есенски излет за учениците од трето до деветто одделение на локација „Голема ливада“ Национален парк Пелистер, за учениците од прво и второ оддление излет до парк „ Стив Наумов“.

### 1.3.1 Слободни ученички активности

Во зависност од интересите и способностите на учениците, покрај редовната, додатната, дополнителната и изборната настава во училиштето се организираа и многубројни слободни ученички активности.

Слободните ученички активности беа организирани со цел да се задоволат индивидуалните потреби и интереси на учениците. За да се обезбеди што поголем опфат на учениците да учествуваат во СУА, на почетокот на учебната година се направи анкета со која учениците можеа да изберат една слободна ученичка активност во која сакаат да учествуваат.

Во текот на учебната 2023/24 година, во училиштето активно и успешно работеа секциите за проширување на знаењата на учениците по одделни предмети.

- Секција млади физичари;
- Здраво живеење;
- Вештини за живеење/домаќинство
- Љубители на германскиот јазик;
- Љубители на англискиот јазик;
- Млади историчари;
- Сообраќајна секција.

Во групата на културно - уметнички слободни ученички активности успешно работеа секциите:

- Драмска секција;
- Литературна секција;
- Бон тон;

Во рамките на слободните спортските активности учениците беа вклучени во следниве секции:

- Секција фудбал;
- Секција кошарка;
- Секција ракомет.

Кај учениците од одделенска настава беа застапени следните слободни ученички активности:

- Весела математика
- Драмска секција
- Творештво
- Вештини за живеење
- Градинарство и хортикултура

Со дел од работата на СУА, со поддршка на училиштето,стручната служба, наставниците и родителите, учениците учествуваа на бројни јавни настапи , манифестации и проекти ( работилници, ЕКО презентации, МИО активности, активности за одбележување на важни датуми, учество на натпревари) со што се придонесе училиштето да се афирмира во локалната и пошироката општествена средина.

## 1.3.2 Ученички натпревари

Во согласност со Годишната програма за работа на училиштето и во организација на БРО, Народна техника, Црвениот крст на РМ, Здружението на математичари, Друштвото на биолози и хемичари, и сите останати акредитирани здруженија за организирање на натпревари, учениците во текот на учебната 2023/2024 година, учествуваа на општински, регионални и државни натпревари, се залагаа и постигнаа значајни резултати за што им беа доделени пофалници и награди:

- Наумовски Марио – прво место поединечно и екипно училишна лига во куглање,
- Пејчиновски Дарио- второ место поединечни и прво место екипно училишна лига во куглање,
- Апостоловска Лана- трето место поединечно и прво место екипно училишна лига во куглање,
- Димитровска Ева –прво место поеднечно и прво место екипно училишна лига во куглање, прво место натпревар Детски семафор 2024;

- Јован Алтипрамаковски- второ место општински натпревар во шах и третто место општински натпревар во одбојка,
- Валентино Дучевски- третто место општински натпревар во одбојка,
- Андреј Стојчевски- третто место општински натпревар во одбојка,
- Давид Треневски- прво место екипно училишна лига во куглање и третто место општински натпревар одбојка,
- Анабела Дамчевска- прво место ноќна трка,
- Виктор Стојчевски- второ место екипно општински натпревар во шах,
- Марко Василевски- второ место екипно општински натпревар во шах,
  Огнен Јовчевски- третто место поединечно училишна лига во куглање
- Серафимоска Сузана – второ место општински натпревар природни науки, второ место општински и второ место регионален натпревар по англиски јазик;
- Лина Најденовска- трето место општински натпревар по биологија и пофалница на регионален;
- Ева Пејчиновска- пофалница на општински и регионален натпревар;
- Јована Георгиевска- трето место општински натпревар по биологија и второ место регионален натпревар по биологија второ место државен натпревар по биологија, прва награда на општински и второ место регионален натпревар по англиски јазик;
- Мила Пендаровска – трето место на општински натпревар по природни науки;
- Ана Антигона Петровска- трето место на општински и регионален натпревар по природни науки;
- Ана Димеска- трето место општински и регионален натпревар по биологија;
- Милена Јаковлевска- второ место општински и трето место регионален натпревар по биологија;
- Бојана Маневска- трето место општински и регионален натпревар по биологија;
- Антонија Саботковска- трето место општински и пофалница на регионален натпревар по биологија;
- Илина Кузманоска- второ место општински и трето место регионален натпревар по биологија;
- Ана Црнец- трето место општински натпревар по биологија,
- Анастасија Илиевска- трето место општински натпревар по англиски јазик и трето место општински натпревар по хемија;
- Константин Печипајковски- трето место општински натпревар по математика и пофалница општински натпревар хемија;
- Ива Милевска- трето место општински натпревар по англиски јазик, пофалница општински и трето место регионален натпревар по биологија, прва награда на Државна изложба на ликовни творби;
- Мила Кадинска- трето место општински и трето место регионален натпревар по биологија;
- Дориан Кузмановски- прва награда општински и регионален натпревар по математика;
- Јана Галевски- прва награда општински и регионален натпревар и второ место државен натпревар по природни науки;
- Марија Најденковска- втора награда општински натпревар по природни науки;
- Леона Петровска- втора награда општински, регионален и државен натпревар по природни науки;

- Тамара Русевска- втора награда општински и трета награда регионален натпревар по природни науки;
- Костадин Христов- прво место општински и трето место регионален натпревар по математика, трето место општински и регионален натпревар по природни науки;
- Антонио Ивановски- трето место општиски и регионален натпревар по природни науки;
- Лука Секуловски- трета награда општински натпревар по математика и трета награда регионален натпревар по природни науки ;
- Иво Котевски- трета награда општински натпревар по математика;
- Мила Трампевска- трета награда општински натпревар по природни науки;
- Евгенија Вурмо- трета награда на општински и регионален натпревар по природни науки;
- Елена Ѓелевска- трета награда на општински и регионален натпревар по природни науки;
- Ана Марија Стојановска трето место општински и регионален натпревар по природни науки;
- Борјан Ѓорѓиевски- второ место општински натпревар и второ место регионален натпревар по природни науки;
- Јована Гагачева- трето место општински натпревар и трета награда регионален натпревар по природни науки;
- Јана Секуловска- трето место државно првенство во гимнастика ;
- Давид Муловски- прво место натпревар Детски семафор 2024
- Мала група (Марко Лозановски, Тамара Русевска, Леона Петровска, Иван Талевски) – трето место екипно натпревар Детски семафор 2024;
- Екипа кошарка- второ место општински натпревар;
- Антонија Крстевски- прво место државен натпревар атлетика;
- Даријо Пејчиновски - второ место државен натпревар атлетика,
- Филис Османовска- трето место регионален натпревар за вокални солисти;
- Хор- прво место регинален натпревар по хор и оркестар;
- Оркестар-прво место регионален натпревар по хор и оркестар.

### 1.3.3 Ученички екскурзии и излети

Оваа учебна година за учениците од третто до деветто одделение беше организиран есенски излет до локацијата „Голема ливада“ во Националниот парк Пелистер. За учениците од прво и второ одделение есенски излет во парк „Стив Наумов“ .

### 1.3.4 Заедница на ученици

Преку реализација на активностите на заедницата на ученици, сите ученици активно се вклучени во планирање и реализација на работата на училиштето односно наставните и вонаставните активности. На состаноците на ученичката заедница се разгледувани прашања и проблеми од ученичкото секојдневие, проблеми со наставата, ученици со потешкотии во совладување на материјалот, како да се помогне на учениците за подобрување на успехот, редовност и поведение на учениците и други актуелни проблеми. Во текот на учебната година Ученичката заедница реализираше редовни средби со

психологот, педагогот и директорот на кои се разгледуваат теми од ученичкото секојдневие.

# 2 УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 2.1 Планирање на наставата

Имајќи ги во предвид принципите за постојано подобрување на наставата и успешно реализирање на наставните планови и програми, сите наставници во почетокот на учебната година, континуирано и редовно ја планираа својата работа и изготвија: годишни, тематски и дневни планирања; програми за слободни ученички активности, дополнителна и додатна настава, како и за часовите на одделенската заедница. Во планирањата на наставниците беа дадени јасни насоки што се очекува учениците да научат, општите и посебните цели , очекуваните исходи од учењето и поучувањето, задачите и временската рамка за реализација и постигнување на целите, начинот, формите и методите на оценување.

Во текот на учебната година, успешно работеа и ги реализираа своите програми стручните активи: од одделенска настава, јазичната група предмети, природна група предмети, општествена група предмети, уметничка група предмети и спорт.

Во училиштето постојат пишани процедури и инструменти за следење и поддршка на наставниците при планирањето.

## 2.2 Планирање на работата на стручните органи и тела

На почетокот на учебната година исто така беа изготвени планови и програми за работата на Наставничкиот совет, одделенските совети, директорот, педагогот, психологот и библиотекарот.

## 2.3 Наставен процес

За учебната 2023/24 година, во ООУ Д-р Трифун Пановски – Битола беше организирана: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава.

Со цел да се подобри квалитетот на наставата, поучувањето и учењето, наставниците стекнатите знаења од семинари и обуки ги применуваа во наставниот процес. Примената на современи форми и методи за работа: предавања, работа во групи, индивидуална работа, практични активности и соодветни форми на итеракција со учениците, поставување на прашања, водење дискусија, користење на предходните знаења на учениците во воведувањето во новиот материјал, информирање на учениците за очекуваните исходи, поставување на прашања со различни нивоа на сложеност и давање на повратна информација на ученикот за неговиот напредок, придонесе учениците да стекнат поквалитетни знаења и подобри резултати.

Изборна настава за учениците во училиштето беше организирана во согласност со наставниот план и програми. Изборот на изборните предмети го извршија учениците и нивните родители од предходно утврдената листа на три изборни предмети. За учениците кои работат по новата Концепција за основно образование се реализираа слободни изборни предмети, беа понудени листи со четири категории на предмети и три конкретни предмети во секоја категорија.

Изборни предмети во Основното училиште за учебната 2023/24 година

| | |
|---|---|
| IV (четврто) одделение- слободни и.пр.<br>Цртање, сликање, вајарство<br>Танцување | V ( петто) одделение-слободни и. Пр.<br>Цртање, сликање, вајарство<br>Танцување |
| VI ( шесто) одделение<br><br>Етика во религии<br>Религиозно и културно наследство | VII ( седмо) одделение<br><br>Техничко образование<br>Проекти од информатика |
| VIII ( осмо) одделение<br><br>Програмирање<br>Техничко образование | IX ( деветто) одделение<br><br>Проекти од информатика<br>Нашата татковина |

## 2.4 Искуства на учениците од учењето

Во училиштето наставата се реализира во училници за учениците од одделенска настава, а за учениците од предметна настава во кабинети . За да се обезбеди што подобра атмосфера за учење и меѓусебна интеракција на учениците, во училиштето се организирани многубројни активности за уредување на училниците и целиот училишен простор, со ученички изработки и творби.

Во училиштето сите имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, како и тековно одржување на хигиената во училишниот двор. Со започнување на реализација на „Проектот за меѓутеничка интеграција во образованието“ училиштето посвети внимание на уредување на ходниците и заедничките простории во училиштата со балансиран приод водејќи сметка за мултикултурализмот во централното и подрачните училишта.

## 2.5 Оценување како дел од наставата

За да се обезбедат навремени и релевантни показатели за учењето, поучувањето и постигањата на учениците, оценувањето и оваа учебна година беше вградено во планирањата на различни нивоа во рамките на училиштето: во Годишната програма за работа на училиштето, во годишните, тематските и дневните планирања на наставниците. На ниво на стручни активи беа испланирани формите и методите за оценување како и стандардите што ќе се применуваат при оценувањето. При оценувањето беа користени дијагностичкото, формативното и сумативното оценување на учениците.

## 2.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно и навремено ги информира родителите за напредокот и постигањата на нивните деца,на родителските средби, на отворени родителски средби на кои присуствуваат сите наставници и родителите имаат можност да разговараат со секој поединечно за постигањата на нивните деца, се одржуваа исто така индивидуални средби со родители, консултации, советувања и сл. Секое тримесечие, полугодие и на крајот на учебната година, родителите добиваат евидентен лист за напредокот и постигањата на нивното дете по секој наставен предмет,кој во електроснка форма преку е-дневникот можат да го видат.

## 3. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 3.1 Севкупна грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Инфраструктурата во училиштето е значително подобрена благодарение на големото ангажирање на директорот, дел од наставниците и другите вработени во училиштето.

Во текот на одморите дежурните наставници ги извршуваа своите дежурства според распоредот за дежурање. Со почетокот на учебната година учениците и нивните одделенски раководители изготвија кодекс на однесување за учениците, наставниците и родителите. Заедницата на ученици во училиштето, врз основа на предложените кодекси го предложи и го донесе Куќниот ред на училиштето, кој доследно се почитува од сите субјекти.

Оваа учебна година во нашето училиште се запишаа нови ученици, а осипот на ученици беше мал.

При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување информации за ученикот.

Учениците во училиштето од педагошко-психолошката служба добиваат стручна помош, информација во врска со воспитно-образованата работа или решавање на проблеми актуелни за нивната возраст.

Училиштето соработува со средните училишта во делот на професионалната ориентација на учениците при што од страна на стручни лица на учениците од деветто и беа одржани презентации. Исто така оваа учебна година беа посетени отворени денови на средните стручни училишта. Од страна на педагошко – психолошката служба учениците беа тестирани за професионални интереси и способности и беше спроведено советување со учениците кои имаа дилеми околу уписот во средно образование.

Успехот, постигањата и редовноста на учениците во учебната 2023/2024 година се прикажани во статистичкиот дел од извештајот за работа на училиштето.

### 3.2. Грижа за здравјето на учениците

Во текот на учебната 2023/ 2024 година, беа реализирани повеќе активности и содржини од подрачјето, грижа за физичкото, менталното и социјалното здравје на учениците. Во согласност со календарот за здравствена заштита на учениците, изготвен од ЈЗУ-Битола, се извршија редовните општи систематски и стоматолошки прегледи на учениците и редовна имунолошка заштита ( вакцинација).

Реализирани се повеќе предавања, работилници и презентации.

Педагошко – психолошката служба реализираше работилници со учениците на тема „ Справување со социјален притисок“,работилница на тема „Развој на позитивна слика за себе“, предавање на тема „Сајбер насилство“,работилница и анкета на тема „Видови на врсничко насилство“,работилница на тема „ Стратегии и техники за успешно учење“, предавање за девојчињата од петто одделение на тема „Промени во пубертет и прва ментсруација“, преку проектот Врсничка школа за ментално здравје беа одржани предавања од страна на ученици едукатори за учениците од седмо, осмо и деветто одделение на тема „Ментално здравје“,во соработка со Europe House Bitola се одржа работилница на тема „Подигање на свеста за аутизмот“, предавање на тема „Превенција од дрога и алкохол“ за ученици од осмо и деветто одделение спроведено од претстваници на СВР Битола, предавање на тема „Безбедност во сообраќајот“ за ученици од одделенска настава спроведено од претставници на СВР Битола, учениците од прво одделение од страна на логопеди од Центарот за рехабилитација на слух и говор имаа преглед за развој на говор.

На часот на одделенската заедница одделенскиот раководител според програмата за Образование за животни вештини реализира наставни содржини и работилници кои опфаќаат и теми од справување со конфликти и насилничко однесување.

За состојбата на учениците со евентуални емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата покрај одделенските раководители на паралеки беше информирана и стручната служба кои работеа тимски за отстранување на евентуалните проблеми на учениците.

Хигиената на училиштето е на високо ниво. Во училишната зграда е извршена дезинфекција,дезинсекција и дератизација. На сите вработени во училиштето е спроведен санитарен и систематски преглед. Согласно Програмата за развој на училиштето сервисирани се противпожарните апарати, исто така набавени се нови противпожарни апарати за да се задоволи бројот според квадратурата на училиштето.

## 3.3 Следење на напредокот

Во текот на учебната година наставниците и стручната служба водеа уредна евиденција за напредокот, постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Стручната служба изготвувија квартален, полугодишен извештај и анализа на успехот и постигањата на учениците по паралелки и на ниво на цело училиште со споредбени показатели на крајот на учебната година.

## 4. Училишна клима и односи во училиштето

Во текот на учебната година со поттикнување на меѓусебната доверба, толеранција, почитување, соживот и соработка меѓу учениците, и професионалната соработка меѓу вработените, континуирано се градеше позитивна работна атмосфера и клима во училиштето. Куќниот ред и кодексот на однесување со кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето:
учениците, наставниците, родителите, раководниот кадар, стручната служба и останатите вработени, доследно ги почитуваа. За подобрување на училишната клима и соживот во училиштето во голема мера придонесе и реализацијата на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието преку кој беа реализирани голем број на самостојни активности . Со цел подобрување на училишната клима училиштето стручната служба во

соработка со наставниците реализираа програма за спрваување со насилно однесување, преку предавања и работилници „Справување со социјален притисок“„Видови на насилно однесување-врсничко насилство“, „сајбер-компјутерско насилство“, како и редовно се спроведува истражување во која мера и како вид на насилно однесување се јавува во нашето училиште.

## 4.1 Промовирање на постигањата

Во училиштето се води грижа за промовирање на постигањата на учениците во рамките на училиштето и локалната средина. Промовирањето на постигањата во училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на ученици и вработени што постигнале високи резултати на натпревари, според Правилникот за пофалби и награди.Беа доделени пофалници на учениците кои постигнаа значајни резултати на општинските,регионални и државни натпревари. Беше прогласен првенец на генерација Ива Милевска.

Учениците и оваа учебна година имаа можност да ги промовираат своите креативни потенцијали и постигања во локалната средина, преку учество на бројни натпревари, еколошки, хуманитарни и културни акции, настапи на државни и локални ТВ мрежи и други воннаставни активности, исто така училиштето континуирано ги промовира постигањата на учениците преку училишната веб страна и фејсбук профилот на училиштето.

## 4.2 Партнерски однос со родителите и со локалната средина

Отвореноста на училиштето за соработка со родителите преку формални и неформални средби, и нивно непосредно вклучување во училишниот живот, во голема мера придонесе да се стекне меѓусебна доверба и да се изгради партнерски однос. Беа организирани отворени родителски средби на кои родителите имаа можност да разговараат со секој наставник поединечно за успехот и постигањата на учениците.

Повеќе родители во текот на учебната година беа вклучени со волонтерска работа, хуманитарни и работни акции.

**5 РЕСУРСИ**

## 5.1 Просторни капацитети

Воспитно образовната работа во училиштето се реализира во една зграда во ОУ и четири помали објекти во подрачните училишта. Училишниот објект зафаќа површина од 1420,98м2 и училишен двор со 3088м2, каде се лоцирани спортските терени. Зградата на централното училиште е на два ката со сите потребни простории за изведување на настава. Училиштето во текот на оваа учебна година беше разубавено со поставување на паноа, украсување на училишната зграда и училишниот двор со засадување на сезонско цвеќе. Се реновираше постоечката училница за продолжен престој и комплетно се оспособи уште една нова училница за продолжен престој. Целосно реновирани тоалети на двата спрата во училиштето. Реновирани подови во ходниците, кабинетот по Ликовно образование и Македонски јазик со средства од Општина Битола.Добиени се кошаркарски табли за

